## АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО

**2288.**

Врз основа на член 136 став 7 и 8, член 138 став 6, член 139 став 2 и член 144 од Законот за воздухопловство ("Службен весник на Република Македонија" бр.14/06, 24/07, 103/08, 67/10, 24/12, 80/12, 155/12 и 42/14), директорот на Агенцијата за цивилно воздухопловство донесе

**П Р А В И Л Н И К
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СТРУЧНО ОСПОСОБУВАЊЕ, ПРОВЕРКИ, ДОЗВОЛИ И ОВЛАСТУВАЊА НА ПЕРСОНАЛОТ НА КОНТРОЛАТА НА ЛЕТАЊЕ**

Член 1

Во Правилникот за стручно оспособување, проверки, дозволи и овластувања на персоналот на контролата на летање ("Службен весник на Република Македонија" бр. 86/10, 60/13 и 27/15), во членот 10 во ставот (1) точката 3) се брише.

Точките 4) и 5) стануваат точки 3) и 4).

Во ставот (2) точката 3) се брише.

Точките 4) и 5) стануваат точки 3) и 4).

Член 2

Во членот 11 ставот (1) се брише.

Ставовите (2) и (3) стануваат ставови (1) и (2).

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 10-511/3
15 април 2015 година
Скопје

Агенција цивилно воздухопловство
Директор,
м-р **Горан Јандреоски,** МБА

## АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

**2289.**

Врз основа на член 83 став 6 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија" број 55/2013, 41/2014 и 115/2014), директорот на Агенцијата за катастар на недвижности донесе

**Р Е Ш Е Н И Е
ЗА СТАВАЊЕ ВО ПРИМЕНА НА БАЗАТА НА ПОДАТОЦИ ОД ДИГИТАЛНИТЕ КАТАСТАРСКИ ПЛАНОВИ**

На ден 19.03.2015 година се става во примена базата на податоци од дигиталните катастарски планови за катастарската општина Ливоишта, која е во надлежност на одржување на Одделението за катастар на недвижности Охрид.

Со денот на ставање во примена на базата на податоци од дигиталните катастарски планови за катастарската општина Ливоишта, престануваат да важат аналогните катастарски планови за катастарската општина Ливоишта.

Ова решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 09-4348/1
19 март 2015 година
Скопје

Директор,
**Славче Трпески** с.р.

**2290.**

Врз основа на член 83 став 6 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија" број 55/2013, 41/2014 и 115/2014), директорот на Агенцијата за катастар на недвижности донесе

**Р Е Ш Е Н И Е
ЗА СТАВАЊЕ ВО ПРИМЕНА НА БАЗАТА НА ПОДАТОЦИ ОД ДИГИТАЛНИТЕ КАТАСТАРСКИ ПЛАНОВИ**

На ден 19.03.2015 година се става во примена базата на податоци од дигиталните катастарски планови за катастарската општина Мерово, која е во надлежност на одржување на Одделението за катастар на недвижности Тетово.

Со денот на ставање во примена на базата на податоци од дигиталните катастарски планови за катастарската општина Мерово, престануваат да важат аналогните катастарски планови за катастарската општина Мерово.

Ова решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 09-4349/1
19 март 2015 година
Скопје

Директор,
**Славче Трпески** с.р.

**2291.**

Врз основа на член 83 став 6 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија" број 55/2013, 41/2014 и 115/2014), директорот на Агенцијата за катастар на недвижности донесе

**Р Е Ш Е Н И Е
ЗА СТАВАЊЕ ВО ПРИМЕНА НА БАЗАТА НА ПОДАТОЦИ ОД ДИГИТАЛНИТЕ КАТАСТАРСКИ ПЛАНОВИ**

На ден 31.3.2015 година се става во примена базата на податоци од дигиталните катастарски планови за катастарската општина Струга, која е во надлежност на одржување на Одделението за катастар на недвижности Струга.